Врз основа на член 8 став (7) од Законот за финансиските друштва („Службен весник на Република Македонија” бр.158/10, 53/11, 112/14, 153/15 и 23/16), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ОСНОВАЊЕ И РАБОТА НА ФИНАНСИСКО ДРУШТВО

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето за добивање на дозвола за основање и работа на финансиско друштво.

Член 2

Барањето за добивање на дозвола за основање и работа на финансиско друштво се поднесува на образец, во А-4 формат, на хартија во бела боја.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за содржината и формата на обрасците на барањето за добивање дозвола за основање и работа на финансиско друштво и дозвола за статусни промени („Службен весник на Република Македонија“ бр. 26/11 и 54/14).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/16).

Бр. 13-10368/1
20.07.2016 година
Скопје

м-р Кирил Миноски
Министер за финансии

ПРИЛОГ

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ОСНОВАЊЕ И РАБОТА НА ФИНАНСИСКО ДРУШТВО**

Од______________________________________________________________________________

(име и презиме на физичко лице / назив на правното лице, подносител на барањето)

________________________________________________________________________________

(адреса на физичко лице / седиште на правното лице, подносител на барањето)

Датум ______________

Место ______________

Подносител на барањето

___________________________

М.П (*)

(*) За трговски друштва не е задолжителна употреба на официјалниот печат согласно Законот за трговските друштва.